**Јавен повик за градење капацитети и суб-грантирање за Род и финансирање на климатски промени**

Број на повик: 2841/06/24

**Проект:** Зајакнување на транспарентноста и одговорноста за родова еднаквост во Западен Балкан и Молдавија (Мрежа за родово одговорно буџетирање, фаза II)
Финансиран од: Австриската агенција за развој и Шведската агенција за меѓународна развојна соработка

**Имплементатори:** Центар за истражување и креирање политики (С.Македонија), Центар за родова алијанса за развој (Албанија); Центар за промоција на граѓанското општество (БиХ); Мрежа на жени на Косово; Женска акција (Црна Гора); Хаб за родово знаење (Србија), Кистон (Молдавија)

Мрежата за родово одговорно буџетирање (МРОБ) објавува Повик за аплицирање за градење капацитети и суб-грантирање за Род и финансирање на климатски промени од Мрежата за родово оговорно буџетирање од **С.Македонија, Србија, Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Црна Гора и Молдавија.**

## За проектот

Владите допрва треба целосно да ги спроведат обврските за родово одговорно буџетирање (РОБ) и да го институционализираат РОБ во текот на буџетскиот процес. Дополнително, родовата анализа и родово-трансформативниот пристап кон климатските промени во Западен Балкан и Молдавија се ограничени. Во меѓувреме, иако ангажманот на граѓанското општество за родовите прашања и климатските промени се зголеми, постоеја само неколку меѓусекторски иницијативи за родова еднаквост и климатски промени. На граѓанските организации и креаторите на политиките сè уште им недостасуваат знаење, методологии и вештини за РОБ, особено во однос на финансирањето на климатските промени и отпорноста.

**Општата цел** на проектот е да ги подобри јавните заложби за родово одговорна климатска акција и да го зголеми расположливото финансирање за спроведување на родово одговорна климатска акција во регионот на Западен Балкан и Република Молдавија.

### Очекуваните резултати од проектот се:

• Зајакнување на видливоста и меѓународното признавање на работата на Мрежата за родово одговорно буџетирање;
• Зголемени капацитети на граѓанските организации за користење на алатките за РОБ и следење на политиките и финансирањето на климатските промени;
• Зголемување на учеството на ГО во политичките и буџетските процеси со користење на родово следење на политиките и буџетите;
• Поголема достапност на алатки за РОБ за владите, особено во однос на отпорноста,

финансирањето во справувањето со климатските промени и родовата чувствителност на политиките во однос на климатски промени;

**ПОВИК ЗА АПЛИЦИРАЊЕ**

Како застапници на социјалната правда и еднаквост, од клучно значење е ГО да имаат длабоко разбирање за родово одговорното буџетирање, како и владите да го применат за да создадат поправедни општества. Затоа, со овој повик, ги покануваме граѓанските организации од Западен Балкан и Молдавија да поднесат проектен концепт за следните видови грантови.

**Национални грантови** - Два (2) гранта ќе бидат доделени по земја, со максимален износ од 8.000 евра по грант. Проектите мора да бидат завршени во период од осумнаесет месеци од датумот на потпишување на договорот.

**Регионални грантови** - Ќе бидат доделени (2) два гранта со максимален износ од 25.000 евра по грант. Проектите мора да бидат завршени во период до дваесет и четири месеци.

Вкупно 16 гранта (2 по земја и 2 регионални) ќе бидат обезбедени во рамките на ова финансирање.

Концептот треба да се однесува на родово одговорно буџетирање и финансирање на климатски промени, вклучувајќи родова анализа за информирање расходи, следење на расходите користејќи анализа на родово влијание или користење на други алатки за РОБ.
Потенцијални прашања на кои проектите може да се фокусираат, но и не мора да бидат ограничени на тие прашање се:

- Родот во Глобален еколошки фонд (GEF), Зелен климатски фонд(GCF), Фонд за најмалку развиените земји (LDCF) и Специјален фонд за климатски промени (SCCF);
- Род во зелените проекти на WBIF, EIB и EBRD
- Родот во проектите за климатска отпорност поддржани од националниот буџет;
- Родот во локални проекти  за поддршка на буџет за климатски промени

По изборот, претставниците од сите одбрани организации ќе треба да се обврзат да посетат модули за обука за родово одговорно буџетирање и род и климатско финансирање каде што ќе го развијат своето знаење за различните алатки за РОБ. Ова знаење потоа треба да се искористи за да се развие целосен предлог-проект со помош (насоки за менторство) од експерти за родово буџетирање и ментори од МРОБ. Модулите се достапни онлајн на GBWN e-academy (Основно РОБ и Напредно РОБ), дизајнирано специјално за граѓански организации. Обуката за ,,Род и финансирање на климатски промени" ќе се организира со физичко присуство во Албанија од 25 до 27 септември 2024 година. Организациите кои аплицираат ќе треба да номинираат по еден претставник кој ќе присуствува и заврши овие обуки, наведувајќи го учесникот на обуката во Албанија при процесот на аплицирање. По посетата на овие обуки, организациите ќе бидат поканети да доставаат целосни предлози за финансирање.

**Критериуми за пријава**

Да се граѓански организации - ГО регистрирани во една од седумте вклучени држави: Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Македонија, Молдавија, Црна Гора и Србија. По можност, но не ограничувајќи се на:

- **Женски организации** - организации кои работат на почитување, промоција и заштита на правата на жените и работат на застапување за женски права, како и оние кои работат со жени како крајни корисници од ранливи категории, како на пимер жени од селски средини, жени со посебни потреби, сиромашни лица, како и лица со различни сексуални ориентации и родови идентитети;
- **Тинк-тенк организации** кои работат на истражување и анализа на јавни политики, особено оние кои работат на неопходните реформи за пристапување во ЕУ, образование, политиките поврзани со старите лица, младите, јавната администрација и др;
- **Организации кои работат на јавни финансии** (буџетски прашања или прашања за набавки) - кои се занимаваат со јавни финансии, мониторинг на буџетот и следење на јавните набавки;
- **Еколошки организации** - кои се занимаваат со агенди за животна средина;
- **Машки организации** – организации активни во однос на родовата еднаквост и прашања со кои се соочуваат мажите;
- Организации кои работат на спроведување на Резолуцијата 1325 на ОН и агендата за жени, мир и безбедност.

За да се квалификува за грант, главниот апликант и неговите партнери мора:

- да ги заврши онлајн модулите и да учествува на третата обука во Албанија со физичко присуство (сите трошоци за патување и обука ќе ги платат организаторите);,
- да бидат правни лица,
- да бидат непрофитни,
- да бидат регистрирани/основани најмалку две години пред објавувањето на овој повик,
- да бидат директно одговорни за подготовката и управувањето со проектот со своите партнери, не дејствувајќи како посредник;
- Да се согласат за спроведување партиципативна проценка на организациските и застапувачките капацитети, доколку им е доделен грант, како и да направат План за развој на организациските капацитети, врз основа на наодите од претходно направената проценка. Активностите предвидени во планот за развој, треба да се имплементираат како составен дел од проектите; и
- за Регионалните грантови најмалку 3 граѓански организации од 3 различни земји мора да бидат дел од конзорциумот и секоја од 3-те ГО мора да ги исполнува горенаведените критериуми за подобност.

## Број на апликации и грантови по апликанти

Главниот апликант не смее да поднесе повеќе од 1 апликација на националниот повик за аплицирање. Сепак, главниот апликант за национален грант може да биде партнер во 1 друга апликација на регионалниот повик во исто време. Главниот апликант може да добие повеќе од 1 грант според овој повик за аплицирање (еднаш според националната шема за подгрантови, а второ како партнер во рамките на регионалната шема за грантови)

## СПИСОК НА ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ

Следниве документи мора да се достават во фазата на пополнување на апликацијата:

- Пополнет формулар за апликација и концепт (Анекс 1);
- Статутот на ГО и секој партнер на ГО (за регионални грантови);
- Финансиски извештај за последните две години;
- Доказ за регистрација

## Временска рамка

| Концепт апликација | Рок |
|---|---|
| Објава на повикот за аплицирање | **20 Јуни** |
| Инфо сесии (ќе бидат објавени за секоја држава посебно)<br><br>- Албанија<br>- Босна и Херцеговина<br>- Македонија<br>- Црна Гора<br>- Молдавија<br>- Косово<br>- Србија | **20 Јуни – 1 Јули** |
| Рок за доставување апликации | **1 Август** |
| Завршување на онлајн обуки на академијата на МРОБ | **1 Август - 8 Септември** |
| Објава на селектираните грантисти за учество на обуката во Албанија | 10 Септември |
| Обука за Род и финансирање на климатски промени во Албанија | **25 – 27 Септември** |
| Целосна проектна апликација и буџет (обрасците ќе бидат доставени до организациите кои ќе ја поминат првата фаза - концепти) | **18 Октомври** |
| Објавување на грантистите | **25 Октомври** |
| Потпис на договор со крајните корисници и предвидениот датум за започнување на проектот | **1 Ноември** |

## Критериуми за избор на концептот

Како дел од административната проверка, Конзорциумот го задржува правото да ги провери податоците и документите доставени од апликантите до институциите/овластените лица. Концептите ќе се оценуваат според критериумите наведени подолу. Концептите може да добијат вкупен резултат од максимум 30 поени. Критериумите за оценување се поделени на наслови и поднаслови. Секој поднаслов ќе добие оценка помеѓу 1 и 5 кои претставуваат: 1 = многу лошо; 2 = слабо; 3 = соодветно; 4 = добро; 5 = многу добро.

| Критериуми | Скор | |
|---|---|---|
| **1. Релевантност на проектот** | Меѓузбир | 10 |
| 1.1 Колку концептот е релевантен за целите на повикот за проекти? Колку концептот е релевантен во однос на конкретните теми на повикот? | 5 | |
| 1.2 Колку проектот е усогласен со потребите на крајните корисници и целните групи, дали се тие стратешки избрани и јасно дефинирани? | 5 | |
| **2. Дизајн на проектот** | Меѓузбир | 20 |
| 2.1 Колку проектот е поврзан/кохерентен? Дали концептот ги посочува очекуваните резултати што треба да ги постигне проектот? | 5x2 | |
| 2.2 Искуството и капацитетите на ГО, вклучително и финансиските капацитети | 5 | |
| 2.3 До кој степен се вклучени различни групи како целни групи и/или корисници, користејќи интерсекциски пристап (на пр., лица од различна возраст, пол, етничка припадност, способности, религии, идентитети, рурални/урбани локации и маргинализирани групи. | 5 | |
| **Вкупен скор** | | 30 |

## Рок за доставување на документација

Пополнетиот формулар за апликација и концепт, како и другите документи наведени во повикот треба да се достават до менаџерката за грантови на МРОБ, Лилјана Таневска Арсова, на следната е-адреса: tanevska@crpm.org.mk најдоцна до 01.08.2024.